Funded by the European Union

Фаза на имплементација за отворање кампус на Колеџот на Европа во Тирана



Duration: 01.05.2024 - 30.06.2027

Countries:
Албанија

EU contribution: € 1 884 672

Total budget: € 2 688 672

Implementer:
EUROPA COLLEGE STICHTING VAN OPENBAAR NUT

Project description:

Со овој проект се поддржува првата академска година на кампусот на Колеџот на Европа во Тирана, Албанија, со што се означува почетокот на работењето на оваа образовна институција на Западен Балкан. По подготвителната фаза, која траеше 16 месеци, проектот сега е фокусиран на обезбедување непречена реализација на првото издание на магистерската програма по Европска трансформација и интеграција (ЕТИ).

Проектот опфаќа неколку клучни аспекти, вклучувајќи: вработување и консолидирање на локалните административни и академски тимови; преземање и управување со трите главни згради на кампусот, вклучително студентскиот дом; како и пружање секојдневни услуги и академска поддршка за првата генерација студенти. Една од активностите е и ангажирање наставен кадар и визитинг професори, спроведување на академската програма и организација на конференции, студиски посети и активности за претставување на образовната институција.

Покрај тоа, кампусот го зајакнува својот институционален идентитет и видливост во Албанија и во целиот регион преку воспоставување соработка со институциите на ЕУ, националните органи, универзитетите и актерите од граѓанското општество. Преку овие активности, проектот директно придонесува кон мисијата на Колеџот за оспособување на идните европски професионалци, како и кон поширокаата цел за унапредување на меѓусебното разбирање, интеграцијата и соработката меѓу Европската Унија и Западен Балкан.

Expected results:

Се очекува спроведувањето на проектот да донесе конкретни резултати на академско и оперативно ниво, што ќе придонесе за консолидирање на кампусот на Колеџот на Европа во Тирана и ќе обезбеди негова долгорочна одржливост. Овие резултати ќе го отсликуваат напредокот остварен во текот на првата академска година и ќе постават темел за продолжување и проширување на активностите во периодот 2025–2026 година.

• Магистерската програма по Европска трансформација и интеграција (ЕТИ) е воведена, оперативна и реализирана.
• Остварена е академска извонредност (една академска програма е целосно ревидирана и ажурирана за академската 2025–2026 година).
• Воспоставена е мрежа на поранешни студенти на кампусот во Тирана од првата родово-балансирана и разнолика генерација дипломирани студенти на Колеџот на Европа во Тирана.
• Избрана е втора родово-балансирана и разнолика генерација студенти, како и наставен кадар за академската 2025–2026 година.
• Зголемена е видливоста на проектот и зголемен е бројот и квалитетот на апликациите од различни кандидати за академската 2025–2026 година.
• Отворен е целосно функционален привремен кампус за првата академска година.
• Консолидирани се постоечките институционални мрежи на меѓународно, национално, регионално и локално ниво.